Далибор ЈОВАНОВСКИ

# ПОЛОЖБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО СЕДУМДЕСЕТИТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК СПОРЕД ВИДУВАЊАТА НА ЕДЕН ГРК

Во седумдесетите години од минатиот век на Балканот се случиле многу значајни настани како на пример: основањето на Егзархијата, започнувањето на Источната криза со востанието во Босна и Херцеговина, Априлското востание во Бугарија, Разловечкото востание во Македонија, Српско-османлиската војна, Цариградската конференција и др., кои директно или индиректно имале влијание врз состојбата во Македонија. Тоа е време кога на територијата на Македонија се судираат интересите на некои балкански народи што најдобро го илустрира конфликтот меѓу Егзархијата и Патријаршијата околу поделбата на македонските епархии. Затоа не зачудува интересот на претставниците на големите сили во Македонија за дејствувањето на балканските, и не само на тие, пропаганди на теренот. Истовремено во извештаите на странските дипломатски претставници од Македонија среќаваме и мислења на некои непознати личности кои не кореспондираат со оние на претставниците на пропагандите. Во прилог на ова ни говори и еден извештај на британскиот конзул во Солун, Џон Блант до британскиот министер за надворешни работи лордот Дерби, од 30 март 1877 година.[1] Тој во изештајот повеќе внимание му посветува на дејствувањето на Силогосите и изразува мислење дека целта на тие институции е политичка. Како прилог на извештајот Блант дава еден опис на политичката ситуација во Македонија кој му бил предаден од еден, како што тој го нарекува, "разумен Грк", но не го наведува неговото име, ниту пак неговото занимање. Описот започнува со преглед на границите на Македонија, за потеклото на античките Македонци и грчкото влијание врз нив, што според него не довело и до менување на нивниот етнички карактер. Понатаму тој дава мислење дека Елинизмот повторно е во иста борба како и во антиката, за што биле издвојувани толку многу средства, посебно на образовно поле. Авторот ја критикува борбата помеѓу Панславизмот и Елинизмот која предизвикувала страдање на населението. Тој исто како и конзулот Блант, Македонските Словени ги именува како Бугари, врз што имало влијание и скорешното основање на Егзархијата за што претходела заед-

[1] Архив на Македонија, МФ-4 (PRO, FO 78/2626)

ничка борба на Македонците и Бугарите против Патријаршијата. На крајот тој изразува надеж дека новиот устав ќе придонесе да се надминат страдањата на населението.

Солун,
30 Март 1877

До Ерлот од Дерби

Мој Лорде,

Во врска со мојот претходен извештај од овој датум означен како доверлив, давајќи ви извештај за грчката и словенската пропаганда во грчките провинции на Турција, еден разумен Грк ми предаде краток опис, чиј превод ви го предавам, за политичката позиција во Македонија, кој повеќе или помалку ги потврдува информациите во гореспомнатиот извештај во однос на Силогосите или грчките образовни друштва и нивното влијание врз христијанското население во овие области.

Иако сѐ уште не сум имал можност да го посетам Серес и другите центри на Силогосот, сепак имам причина да верувам, според тоа што го слушам од личности кои се поврзани со Силогосот во Солун исто како и од повеќе независни извори дека двата извештаја даваат коректна оцена за природата на операциите што се изведуваат од овие институции во Македонија. Јас заклучив дека тие добиваат субвенции во голем обем од јавни и приватни извори во Грција, но и од сличните друштва од Константинопол и од другите градови со цел да им помогнат во нивните активности. Турските провинциски власти гледаат на нивните активности со карактеристична индиферентност. Под нивната грижа, образовната работа меѓу христијаните во овие области постигна значителен напредок, зголемувајќи се за двапати во последните две години во поголемите градови, а селаните, вклучувајќи ги и оние од многуте бугарски села, постепено се ставени под нивно влијание.

Нема сомнение дека целта на овие институции е главно политичка со барање да се развијат грчките чувства помеѓу Бугарите кои сочинуваат големо мнозинство од христијанското население во Македонија, особено во селата и на тој начин да го поплочат патот за прифаќање на идејата дека тие се интегрален дел од грчкото кралство, а нивните напори во тој правец се особено зголемени откако се дозна дека за време на последната конференција во Константинопол[2] некои реони од Македонија се вклучени во Програмата за предложените бугарски провинции.

---

[2] Се однесува на Цариградската амбасадорска конференција одржана од 23 декември 1876 до 20 јануари 1877 година.

Како доказ можам да наведам дека грчките конзули, општините и дописниците на грчките весници му посветуваат особено внимание на прибирањето на жалбите во бугарските села, кои се полни со наклонетост кон нив и со предлози за помош.

Јас би го додал и фактот како дополнителна вредност на извештаите што ви се дадени на разгледување, дека нив ги добив со голема тешкотија од луѓе, двајцата со грчка националност и религија и со дијаметрално спротивни политички погледи.

Имам чест
Џ. Блант

Превод од грчки

Солун 20 март 1877

Краток приказ на политичката положба во Македонија

Без намера да пишуваме историја ние даваме краток приказ за Македонија, испитувајќи ја од политичка гледна точка нејзината моментална состојба, правејќи споредба на сегашните граници со оние од античкото време, а исто така и со етнолошкото прашање, кои се толку блиску со нивната идна историја.

Старите граници на Македонија, пред да бидат проширени со освојувањата на Филип, скоро се исти со оние денешните и се поклопуваат со новите на Солунскиот вилает.

Кон исток таа е ограничена од реката Струма и од Солунскиот залив, на југ кон Тесалија со Камбуниските планини[3] и историскиот Олимп, од Епир ја делат Керкетиските планини-гранка на Пинд, кон запад е ограничена со Лингос[4] и неговата севроисточна гранка Скодрос и на крај спрема север кон Тракија со Дисорус[5], планина каде што некогаш се произведувало злато. Веќе споменав дека наша намера е да се ограничиме на политичката состојба во Македонија, а како дигресија од главниот предмет сметаме дека е неопходно да се разгледа потеклото на Македонците, кое според сведоштвата на историјата не е потполно

[3] Јужно од Бистрица

[4] Планина во пиндскиот масив

[5] Источно од Дојранското езро

расветлено. Во минатото нивните соседи Грци настојувале да навлезат во внатрешноста на земјата, но откако не успеале тие основале градови на брегот и на т.н. Варвари им подариле некои предности на грчкото политичко управување. Денешните ископувања на томбите, инскрипциите сведочат дека Елинизмот, посебно по покорувањето на Грција од страна на Филип, како и од нивните врски со племињата во Македонија, успеал да изврши интелектуално освојување на жителите со грчки манири и обичаи, но без да успее целосно да го смени нивниот етнички карактер.

Од многубројните историски докази евидентно е дека македонскиот народ бил мешавина од различни племиња кои имале свои обичаи и закони, но не и грчки, а Грците од брегот иако поврзани со сојузи со Грција биле независни и владееле со свои обичаи и закони. Овие работи се спомнати патем за да користат во решавањето на етнолошкото прашање во Македонија.

Евидентно е дека Елинизмот неодамна влезе во истата борба во Македонија, како и некогаш, настојувајќи во секоја опасност со материјално и морално жртвување да постигне интелектуално освојување на разните христијански народи што ја населуваат оваа земја. Инаку, зошто би правеле толку обилни трошоци за формирање на Силогос, образование на македонската младина, праќање на лекари во разни општини на земјата, држење на женски и машки учители, циркулирање на книги, формирање на културнонаставна институција за учители во Солун. Тие се надеваат дека со интелектуалното освојување ќе успеат, кога за тоа ќе дојде време, полесно да го извршат политичкото и материјалното освојување Но грубите и ниските карактеристики на средствата користени за култивизирање и развој на идејата се лошо прифатени, па таквите и другите жртвувања како и замислената цел се чинат бескорисни и залудни.

Од друга страна, Панславизмот, неуморниот противник на Елинизнот со моќниот сојузник во бугарскиот јазик - јазик кој преовладува меѓу жителите во Македонија, постепено направи прогрес. Постојаната борба помеѓу овие два конфронтирани елемента доведе до многу несреќи создавајќи општа парализа, било морална, материјална или социјална. Меѓутоа, најтажниот дел од сето ова е тоа што двете спротивставени страни во нивната борба околу Македонија непростливо го мешаат етнолошкото прашање со црковното, кое подолг период го привлекувало вниманието и грижата на Христијаните и османлиската власт, така раздвојувајќи ги двете духовни деца од една и иста духовна крстилница, кои со години живееле заедно во мир и заедничка љубов и беа поврзани со сродство. Од една страна го имаме Панславизмот, правејќи предлози за бугарското мнозинство и учејќи ги нив дека по одвојувањето од грчкиот патријаршиски трон во Константинопол ќе бидат спремни за политичка независност. Од друга страна е Елинизмот, ласкајќи си дека црквата не

се потчини на првобитно законските барања на Бугарите, а издржувајќи ги во целина сите жртви на грчката хиерархија во провинцијата, ќе постигне гигантско духовно освојување на Македонија, со кое во иднина ќе го поплочи патот за општо апсорбирање на овие земји во напредната плима на Елинизмот.

Двете страни, јуришајќи од така различни позиции, преку своите аген-ти, често ги туркаат недолжните жители во бескорисни и деструктивни расправии што доведоа до многу разурнувачки последици и на чија сметка беа смешните сцени, неприкладни за христијанскиот карактер, како на пример: оние во Велес, Битола, Охрид и во другите градови во Македонија, а исто така и во Тракија, нарушувајќи го мирот на населението и не така ретко предизвикувајќи незгоди за османлиската власт. Но да се тргнеме од овие погрешни идеи и од нивните систематски повреди и разурнувања, ние признаваме заедно со историјата, иако ѝприпаѓаме на грчката нација дека Македонија во старото време била посебна држава со свои закони и власт, но преку различни начини била поврзана со Грците од соседството. Што се однесува до сегашното население на земјата, ние велиме со целосна храброст дека две третини од жителите се Бугари, добро е познато дека тие дошле во земјата со инвазија и се населиле во неа, како што историјата тоа го сводочи. За преовладувањето на бугарскиот елемент сведочат бројот на црковните области во кои се зборува бугарскиот јазик.

Во Македонија има многу митрополитски седишта и епископски диоцези. Митрополитски седишта се: Битола, Велес, Меглен(Лерин), Воден, Преспа, Дебар, Струмица, Бер, Серес, Солун, Касандра, Драма и Сисанион[6]. Епископски се: Полјани, Кампанија[7], Китрос[8], Ардамерија[9], Иерисон, Кожани и Костур.

Во областие на Велес, Воден, Преспа, Меглен, Дебар, Струмица, Драма, Полјани главен јазик за говорење е бугарскиот освен во некои села и градови каде што влашкиот дијалект се говори заедно со грчкиот јазик. Во областите на Солун, Серес, Бер, Костур и Кампанија јазикот на населението е измешан, понекогаш преовладува грчкиот, посебно во градовите, а понекогаш бугарскиот повеќе по селата. Областите во кои главно се зборува грчкиот јазик се: Касандра, Сисанион, Кожани, Китрос, Иерисон и Ардамерија. Сега целта на последната политичка акција на Елинизмот и Панславизмот, кои заедно, како што видовме, поаѓаат од спротивни гледишта според наше мислење, изгледа дека се сака да се произведе еден ист предмет на ретроградна политика. Двете

6 Населичка околија

7 Област околу Енице-Вардар

8 Пидна

9 Лагадинско

страни, гледајќи го, како што претпоставуваме, нивниот политички бродолом се упатуваат на друг пат. Со поголема сериозност тие сега, преку нивните органи и расфрлените тајни агенти, се борат да соберат извештаи за направени нерегуларности во Македонија, напади на пљачкашките банди, самоволното однесување на поединци или уништување на старините или инциденти на одмазда за стари вини и дела заеднички со оние во другите земји, кои тие ги опишале во своите извештаи зголемувајќи ги со својата фантазија и искривувајќи ја вистината. Ние со смеење читавме такви извештаи во грчките весници кои се праќани одовде. Нивната цел е да ја вплеткаат османлиската власт со публикување на вакви извештаи и да го привлечат вниманието на Европа за состојбите во Турција и состојбите за кои сметаат дека се тешки и за нивно подобрување.

Ние не се сомневаме дека такви нерегуларности се случуваат во Турција, но тогаш да им дозволиме да ни покажат дека такви не се случуваат на други места. Ако ги споредиме цивилизираните Грци и Руси со нецивилизираните Турци ќе бидеме принудени да ги осудиме истите цивилизирани народи зошто нивните нерегуларности се поголеми.

И покрај тоа ние се надеваме дека новото уставно поглавје[10] во Турција порано или подоцна ќе биде ставено во сила, ќе стави крај на овие зла и осетно ќе ги подобри условите на правната и општествената положба на населението.

---

[10] Се однесува на Османлискиот устав од 23 декември 1876 година.